**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1303-476/13**

**Скопје, 12.08.2008 година**

**ДО**

**ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА СКОПЈЕ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Јавно претпријатие Македонска радио телевизија Скопје (во понатамошниот текст Јавното претпријатие) за 2006 година, кои се прикажани на страните од 22 до 25.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државната ревизија.

3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи на Јавно претпријатие Македонска радио телевизија Скопје за 2003 година.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
   - Гордана Стошиќ - генерален директор од 12.11.2002 година до избор на нови органи,
   - Љупчо Лазаревски - извршен директор од 30.08.2006 година до 07.09.2006 година,
   - Миле Петрушевски - в.д. Извршен директор од 04.10.2006 година до 01.11.2006 година,
   - Борис Ставров - извршен директор од 13.11.2006 година

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 21 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена од страна на ревизорски тим на Државниот завод за ревизија во периодот од 20.11.2007 до 29.02.2008 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 е да овозможи ревизорот да го изрази мислењето:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. Од страна на одговорното лице за периодот за кој е извршена ревизија на финансиските извештаи, добиени се забелешки на точките 10.1.1.; 10.1.2.; 10.1.3.; 10.1.4.; 10.1.5.; 10.1.6.; 10.1.7.; 10.2.1.; 10.2.2.; 10.2.3.; 10.2.4.; 10.2.5.; 10.2.6.; 10.2.7.; 10.2.8.; 10.2.9.; 10.2.10.; 10.2.11.; 10.2.12.; 10.2.13.; 10.3.1.; 10.3.2.; 10.4.1.; 10.4.2.; 10.4.3.; 10.4.4.; 10.5.1.; 10.5.2.; 10.5.3.; 10.6.1.; 10.7.1.; 11 и 12 од Претходниот извештај, број 1304-476/12 од 17.06.2008 година, истите овластениот државен ревизор ги разгледа и не ги прифати.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2006 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

11.1. **Систем на интерни контроли во процесите**

***Процес на следење на наменското користење на објектите, опремата и залихите***

11.1.1. При оценка на системот на интерни контроли за начинот на документирање на понатамошното постапување со основните средства и залихи на материјали кои се расходувани и пренесувани од една локација на друга, идентификувавме состојби кои укажуваат на недоследности во функционирањето на контролните активности. Не се воспоставени контролни активности при постапките на пренесување на опремата и инвентарот во деловниот објект МРТ/кула која со Одлука на Владата на Република Македонија 08.03.2004 година, е дадена на користење на други правни субјекти/државни органи, како и по затварање на дописништвата и наплатните центри надвор од седиштето на јавното претпријатие, затварањето на хотелот во Охрид и одмаралиштето во Маврово. При реализацијата на наведените активности е присутна појава, голем дел од расходуваните основни средства и залихи да бидат подолг временски период несоодветно обезбедени (по ходниците, подрумите и помошните простории во зградата/кулата) без документирање и контрола на сите процеси на нивно преместување, отуѓување, продажба односно изнесување од просториите користени од страна на јавното претпријатие. Недоследностите во функционирањето во овој процес, предизвикува можност од незаконско и ненаменско користење на средствата и стекнување со имотна корист од страна на поединци.

11.1.2. Извршивме оценка на интерните контроли при издавањето на залихите на суровини и материјали, и резервни делови од магацин, при што идентификувавме состојби кои укажуваат дека излезот на истите не е основ за изготвување на соодветни пропратни сметководствени документи, односно работни налози по кои ќе се врши признавање на

соодветниот трошок, изработка на фактура за извршени услуги од страна на претпријатието, и докажување на законското и наменското користење на истите, што е спротивно на Законот за трговски друштва, и МСС. Не изготвувањето на наведените работни налози во кои ќе се прецизира видот и количеството на употребените суровини и материјали, и резервни делови, времетраењето на работата, и бројот на извршителите оневозможува следење на наменското користење на средствата за оваа намена, како и неможност од потврдување на реалноста и објективноста на искажаните износи на наведените сметки во финансиските извештаи.

***Процес на пресметка на плати***

11.1.3. Извршивме оценка на интерните контроли во процесот на евиденција, пресметка и исплата на нето платите на вработените, при што идектификувавме состојби кои укажуваат на несоодветно користење на постоечкиот систем на електронско следење на работното време на вработените на неопределено време на работни места во зградата на Македонската радио телевизија, што е спротивно на Законот за работните односи. Несоодветното користење на наведениот систем предизвикано од непостоењето на директното поврзување на истиот со програмата за пресметка и изработка на плати, не печатењето на месечни листи за евидентирање на работните саати на вработените од системот, и непостоењето доказ за нивна споредба со месечните листи, рачно потпишувани од страна на вработените, создава ризик да не секогаш примените средства на име нето плата да претставуваат потврда на вистински извршената рабата/работни часови.

***Процес на следење на работењето на маркетингот***

11.1.4. Извршивме оценка на интерните контроли во процесот на вршење на маркетинг услугите, од испраќањето на понуда за маркентиншка презентација, склучување договори, изработка на работен налог/терминскi план, и изготвување фактури, при што идентификувавме состојби кои укажуваат на непостоење на интерни контроли за следење на сите фази од реализацијата на оваа дејност. Отсуството на интерните контроли и постоењето на паралелизам, особено при формирањето на АРГУС ДООЕЛ за вршење на маркетинг услугите, и ангажирање на дел од вработените во одделението за комерцијализација на програмата, за истата дејност, предизвикува неефикасно и неекономично искористување на работната сила, без јасно и прецизно дефинирање на ингеренциите и надлежностите на лицата ангажирани во маркетингот, и ризик од неможност за верификација на целосноста и комплетноста на искажаните приходи по овој основ односно побарувања од купувачите во земјата за побарувања за ТВ реклими во износ од 57.505 илјади денари, со салдо на 31.12.2006 година од 7.101 илјади денари, и побарувања за радио услуги во износ од 245 илјади денари, со салдо на 31.12.2006 година од 98 илјади денари, кој според Законот за радиодифузната дејност претставува еден од најважните приходи за работа на јавниот радиодифузен сервис.

***Процес на документирање и евидентирање на побарувањата и обврските***

11.1.5. Извршивме оценка на интерните контроли во процесот на документирање на побарувањата/обврските при спроведување на компензациите и констатиравме дека не се воспоставени контроли кои

ќе обезбедат следење на реализацијата на договорите за давање на маркентиншки услуги со кои се намалуваат/компензираат обврските на јавното претпријатие, а воедно не е воспоставен систем на интерни контроли за следење на договорите за превземени обврски на јавното претпријатие со навремено доставени и евидентирани влезни фактури. Непостоењето, односно нефункционирањето на овие контроли создава ризик, од нереално и необјективно искажување на побарувања/обврски и отсуството на принципот на целосност, комплетност, ажурност и навременост.

***Процес на наплата на радиодифузна такса во готово и по решенија/уплатници***

11.1.6. Извршивме оценка на интерните контроли во процесите на примена на одредбите од Законот за радаиодифузна дејност, од месец 06.2006 година, од кога пресметување, наплата, и насочување на средствата од радиодифузната такса на корисниците, (Јавно претпријатие Македонска радиотелевизија, Јавно претпријатие Македонска радиодифузија, и Совет за радиодифузија) како и водење на регистарот на обврзници за плаќање на радиодифузна такса е во надлежност на Македонска радио телевизија, при што се констатирани следните состојби:

- во процесот на наплата на радиодифузната такса во готово, на шалтерите за наплата, ревизијата утврди дека контролите не функционираат, бидејки евидентирањето на уплатените и внесените парични средства во благајната на јавното претпријатие се врши во збирен износ, без придружна аналитичка документација/уплатници, и соодветна аналитичка евиденција (по обврзник-име и презиме, износ на подмирена обврска, и период за кој истите се однесуваат). Ваквата состојба создава ризик за неовластено располагање со паричните средства од страна на поединци, и неможност од следење на наплататената радиодифузна такса во готово по обврзник,
- во процесот на наплата на радиодифузната такса врз основа на издадени решенија/уплатници на обврзниците - физички лица и правни субјекти констатиравме нефункционирање на системот на контрола на побарувањата и наплата на истите заради невоспоставената аналитичка евиденција по обврзник, отсуство на контроли за точноста и валидноста на регистарот на обврзници. Ваквата состојба предизвикува да во периодот јули/септември се примени поголем број на жалби за кои Управниот одбор не се произнел.

Погоре опишаните состојби, предизвикуваат неможност од потврдување на реалноста и објективноста на искажаниот износ од 779 илјади денари евидентиран во делот на вонбилансните сметки, аналитичка сметка - благајна за радиодифузна такса, намалување на процентот на наплата на радиодифузната такса за месеците 06 до 12.2006 година на само 6% и неможност од остварување на редовни и доволни приходи за финансирање на дејноста на претпријатието.

***Процес на евиденција во главна книга и аналитичките сметки***

11.1.7. При оценка на системот на интерни контроли при евиденцијата во главната книга (на ниво на синтетички сметки) и посебните аналитички бази, е констатирано непостоење на контроли, заради што истите (сметководствени евиденции/трговски книги/податоци) се неусогласени. Разликите се должат на отстаство на истовремени/паралелни књижења во главната книга и во аналитичките бази, заради што одредени аналитички сметки се искажуваат само во

главната книга, а не и во аналитичките бази, и обратно се искажуваат во аналитичките бази, а не и во главната книга, при што евиденцијата на побарувањата и обврските во главна книга се врши во збирни износи (повеќе фактури во збирен износ, се евидентираат во еден налог). Ваквата состојба предизвикува постоење на ризик за некомплетност, нецелосност и неточност на искажаните податоци, и го намалува квалитетот на финансиските извештаи.

**Препораки:**

1. Надлежните органи на претпријатието да пристапат кон пропишување и донесување на интерни акти во согласност со наведените закони кои ќе овозможат имплементирање на контролни постапки согласно Законот за јавна внатрешна контрола и ќе обезбедат законско, наменско, економично, ефикасно и ефективно користење на средствата.

2. Надлежните органи на претпријатието во соработка со основачот на претпријатието да предложат соодветно законско решение односно пропишување на соодветен начин, постапка и извори на финасирање на дејноста на претпријатието.

3. Надлежните органи на претпријатието да превземат мерки и активности за обезбедување на соодветни програми/софтвери кои ќе обезбедат воспоставување на комплетна и целосна аналитичка евиденција, во главната книга, со што ќе се намали потребата од постоењето на посебни аналитички бази, и која ќе овозможи паралелни книжења и контроли.

11.2. **Неправилна примена на акти**

11.2.1. Јавното претпријатие е регистирано во Основен суд Скопје 1 Скопје, по Решение за основање на Јавно претпријатие Македонска радио телевизија, при што во судска регистрација не е наведен износот на средствата на основачот кој е основачки влог, што е спротивно на Законот за трговски друштва и Законот за јавни претпријатија. Запишувањето во соодветниот регистар без наведување на износот на основачкиот влог на основачот-Собранието на Република Македонија, оневозможува потврдување на реалноста и објективноста на искажаниот износ од 480.77**3** илјади денари на сметката државен јавен капитал во трговските книги.

11.2.2. Советот на Македонска радио телевизија на ден 10.07.2006 година врши измени во Статутот на претпријатието при што покрај другото се врши менување на органите на управување и раководење а на 01.08.2006 година се врши избор на членовите на Управниот одбор кои имале обврска до 10.10.2006 година, да ги донесат општите акти на претпријатието. Донесувањето на општите акти до наведениот датум не е целосно почитувано, бидејки дел од истите се донесени со задоцнување и тоа: Правилник за внатрешна организација, донесен на ден 11.09.2007 година, Правилник за систематизација на работните места, донесен на ден 02.11.2007 година. Дел од пропишаните општи акти до денот на вршењето на ревизијата не се донесени и тоа: Правилник за плати, Правилник за нормирање на работните задачи, Декларација за етичките и професионалните стандарди во создавањето на програмите, и Правила за создавање, емитување и документирање на програмата. Ненавременото/недонесувањето на пропишаните оптшти акти согласно Статутот, влијае врз работењето на претпријатието (законитост и регуларност) односно функционирањето

на одредени делови/области, што овозможува субјективен пристап на поединци, и ризик од незаконско и ненаменско користење на средствата на претпријатието.

11.2.3. Јавното претпријатие, од месец 06.2006 година имало обврска да врши пресметување, наплата, и насочување на средствата од радиодифузната такса на корисниците, како и да води регистар на обврзници за плаќање на радиодифузна такса, согласно Законот за радиодифузна дејност, заради што на ден 12.05.2006 и 16.05.2006 година, записнички, е извршено превземање (во електронска форма) на базата на податоците (домаќинста, дуќани, индустрија) од Електростопанство на Македонија Скопје кое до месец 06.2006 година, вршело наплата преку сметките за струја. Исто така, врз основа на склучен договор на ден 21.06.2006 година, од Централен регистар на Република Македонија Скопје се превземени податоци (за семејни домаќинства, хотели и мотели, правни лица и сопственици на деловен простор, сопственици на угостителски и други јавни објекти) за потребите на регистарот на обврзници на радиодифузна такса. Без претходна проверка и ажурирање на базата на податоци односно без прилагодување на истиот за потребите на наплата на радиодифузна такса, потпишан е договор со Јавното претпријатие Македонска пошта Скопје на ден 23.06.2006 година, за услуги-печатење, конвертирање и достава на решенија/уплатници за радиодифузна такса за физички лица (како обична пратка), и за правни лица (како препорачани пратки со повратница), по кој договор е фактуриран износ од 15.924 илјади денари, и тоа за испечатени/доставени вкупно 550.452 решенија/уплатници (464.195 за физички лица и 86.257 за правни лица). Во решенијата/уплатниците на име месечен износ за радиоифузна такса е внесен износ од 330,00 денари (ист за сите шест месеци во 2006 година), што не е во согласност со Законот за радиодифузна дејност, согласно кој висината на истиот е 2,5% од просечно исплатената нето плата по работник во Република Македонија за последните три месеци.

Јавното претпријатие потпишало Анекс договор кон претходно наведениот основен договор од 28.08.2006 година за изработка на апликативна програма (софтверско решение) за водење регистар за наплата на радиодифузна такса за физички и правни лица а започнувајки од 25.10.2006 година вработило и лице Раководител на Сектор за радиодифузна такса. Погоренаведените активности не предизвикале промени во делот на наплата на радиодифузна такса, односно степенот на наплата на радиодифузна такса за периодот месец 06 до 12.2006 година, изнесува 6%. Ревизијата утврди дека не е извршено ажурирање на базата на податоци, не е извршено просторно и кадровско екипирање на Секторот, со што степенот на наплата останува на исто ниво и влијание на висината на остварување на соодветни извори за финансирање на дејноста на претпријатието и на останатите корисници на радиодифузнара такса-Јавно претпријатие Македонска радиодифузија и Советот за радиодифузија.

11.2.4. Согласно одредбите од Законот за основање на Јавно претпријатие Македонска радио-телевизија, број 07-320/1 од 27.01.1998 година, било потребно да се донесе делбен биланс, за превземање на дел од вработените, правата, средствата и обврските од постојното Јавно дифузно претпријатие „Македонска радио-телевизија, со состојба на 31 деќември 1997 година изготвен од страна на комисија формирана од страна на Владата на Република Македонија. Владата на Република

Македонија на ден 29.12.2003 година донесува одлука за прифаќање на делбениот биланс со состојба на 31.12.1998 година а со примена со 31.12.2003 година без притоа истата да биде пропратена со соодветни и веродостојни показатели/податоци кои ќе бидат верифицирани од членовите на комисијата а исто така истата не содржи податоци за вкупниот износ на актива/пасива предмет на делбен биланс, поединечните износи на актива/пасива кои припаднале на новооснованите јавни претпријатија, ниту структурата и износите по сметки. Менаџментот на новоформираните претпријатија на ден 07.11.2003 година потпишуваат Протокол за регулирање на меѓусебните обврски и побарувања по промените настанати во периодот од 01.01.1999 година, до денот на донесување на делбениот биланс, со кој настојуваат да ги верифицираат промените во билансните позиции од денот на статусната промена до денот на донесувањето на делбениот биланс. Ненавременото донесување на делбениот биланс и неутврдување на состојбата во истиот со утврдениот датум (31.12.1997 година) и непостоењето на веродостојни сметководствени документи како основа за искажување во трговските книги, пропратено со записници за извршено примопредавање на средства, е спротивно на Законот за основање на Јавно претпријатие Македонска радио-телевизија и Законот за трговските друштва и влијае на веродостојноста, објективноста и релевантноста на податоците искажани во финансиските извештаи и на намалување на квалитетот на информациите што ги даваат истите.

11.2.5. Јавното претпријатие во периодот од месец јануари до месец април 2006 година, исплатува парични средства на име на нето плата за 100%, над и под 100% извршена работа во месецот, при што за нето плати над 100% извршена работа, исплатен е вкупен нето износ од 1.228 илјади денари (за 1.531 вработени за четири месеци), врз основа на зголемен квалитет, ефикасност и норма (обем) на извршената работа, во проценти кои се движат во интервал од 5 до 30% и на истите се пресметувани/плаќани сите даноци и придонеси од плата. Ваквиот начин на исплата без постоење интерен акт кој јасно ќе ги дефинира и пропише нормите и критериумите применувани за определување на нето платите, и кој ќе биде основ за исплата, овозможува субјективен пристап при определувањето и исплатата на нето платите за одредени вработени од страна на надлежните органи, што не е во согласност со Законот за работните односи. Ваквата воспоставена пракса на пресметка и исплата на платата продолжува и во 2007 година, во која за единаесет месеци е пресметан/исплатен нето износ од 3.008 илјади денари за вкупно 2.250 вработени.

11.2.6. Во Јавното претпријатие во текот на 2006 година на име месечна плата на генералниот директорот за периодот јануари/септември и на заменик генерален директор за периодот јануари/јули именувани од Собранието на Република Македонија на 12.11.2002 и на 07.12.2004 година, без соодветен писмен акт донесен од Собранието на Република Македонија, извршена е исплата во нето износ од 600 илјади денари. На ревизијата не беа презентирани соодветни акти донесени од надлежен орган за утврдување на платата на генералниот директорот и заменик генералниот директорот, што е спротивно на член 2 од Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката. Ваквата состојба предизвикува исплата на плата

која не е утврдена од надлежно тело при Собранието на Република Македонија.

11.2.7. Владата на Република Македонија на ден 24.05.2004 година, ја поддржала Програмата за трансформација на Јавното претпријатие Македонска радио телевизија од 11.03.2003 година, според која донесувањето на нов Правилник за организација и систематизација на работните места, претставува основа за реорганизација и рационализација на работењето, и решавање на превработеноста. За таа цел Управниот одбор на 29.12.2003 година, донел Правилник за организација и систематизација на работните места, без определување на бројот на извршители на работните места. Во периодот од 15.03.2004 година, до 15.12.2006 година, Правилникот, претрпел десет измени и дополнувања. Исплатата на нето платите врз основа на Правилник, во кој не е определен бројот на вработени, многу често менуван и дополнуван, без пречистен текст за сите измени во периодот од 2 години, создава ризик од несоодветно организирање и искористување на работната сила, неекономично работење и субјективен пристап при одлучувањето за потребите од работна сила, утврдување на нето платите за вработените од страна на надлежните органи.

На 12.11.2007 година е донесен Правилник за систематизација на работните места во кој е определн број од 721 вработен, односно е предвидено намалување на бројот од 1.138 вработени на 31.12.2006 година, без да се донесе и Правилник за пресметка на плати.

11.2.8. Собранието на Република Македонија на ден 10.10.2004 година донело три одлуки, за издвојување на постојните организациони делови од Јавното претпријатие Македонска радио телевизија утврдени во Правилникот за организација и систематизација, со кои се издвојува - Секторот за истражување, Одделението за дизајн на програмите и Секторот на маркетинг и се организираат како Друштва со ограничена одговорност, и истите ќе се приватизираат преку Агенцијата за приватизација. За реализација на наведените одлуки Управниот одбор, донел одлуки за основање на три Трговски друштва со ограничена одговорност, и на ден 20.12.2004 година, извршено е нивно запишување во трговскиот регистар под фирмите - Друштво за инженеринг, производство и преработка на мебел и текстил ТВ СЦЕНА ДООЕЛ Скопје, Друштво за реклама и пропаганда, дистрибуција на филмови и забавна програма АРГУС ДООЕЛ Скопје и Друштво за истражување на јавното мислење, бази на податоци, консалтинг и издавачки дејности БАЗА ДООЕЛ Скопје. На 31.01.2005 година, со одлука од Управниот одбор се распоредени вкупно 39 вработени во ново формираните ДООЕЛ-и со што им престанува работниот однос во Македонската радио телевизија. Со увидот на актите за основањето и склучените договори со БАЗА ДООЕЛ, и ТВ СЦЕНА ДООЕЛ ревизијата ги утврди следните неправилности:

- не е потпишан договор со АРГУС ДООЕЛ Скопје, односно не се уредени правата и обврските на овој ДООЕЛ со основачот, врз основа на соодветен акт што е спротивно на Законот за трговски друштва,
- не е донесена одлука од Управителот на АРГУС ДООЕЛ Скопје за распоредување на соодветни работни места на 12 вработени во Македонската радио телевизија на кои им престанал работниот

однос, во јавното претпријатие и се распоредени во новоформитаниот ДООЕЛ,

- не е изготвен ценовник за маркентиншки услиги по датата на запишување во трговскиот регистар, на АРГУС ДООЕЛ Скопје,
- за ценовниците на своите услуги на двата споеменати ДООЕЛИ, не е презентиран акт за нивно одобрување од страна на Македонска радио телевизија,
- не е утврден акт за: распределба на нето приходот остварен со давање услуги на трети лица; распределба на остварените приходи и плати за вработените и не е обезбедена согласност за истите од Мадедонска радио телевизија,
- не се превземени мерки за санација, односно постапки за стечај кон друштвата кои уште во првата година од работењето (2005 година) искажале загуба и тоа БАЗА ДООЕЛ загуба во износ од 301 илјади денари и АРГУС ДООЕЛ Скопје загуба во износ од 2.654 илјади денари.

Погоре наведеното создава можност за субјективен пристап во вршењето на дејноста во друштвата, незаконско и ненаменско користење на средства на јавното претпријатие, нецелисходност на наведените издвојувања и создавање на дополнителни обврски. За дел од вработените е донесена првостепена пресуда од надлежниот суд со која на претпријатието му е наложено да ги врати на првобитните работни места.

Управниот одбор на 26.03.2007 година, донел одлука со која АРГУС ДООЕЛ престанува да постои, а на 03.05.2007 донел одлуки за ликвидација на ТВ СЦЕНА ДООЕЛ и БАЗА ДООЕЛ, но до денот на вршењето на ревизијата не е постапено по наведените одлуки, со образложение, постоење на заостанати, неподмирени обврски на друштвата по разни основи.

11.2.9. Во трговските книги на јавното претпријатие во делот на сметката алат, погонски и канцелариски инвентар, мебел и транспортни средства е евидентиран бруто износ од 30 илјади денари, за набавено разновидно оружје (во периодот од 1960 до 1988 година и во 2001 година) и рачни детектори. За истите, пописната комисија, во Извештајот од централната пописната комисија, не се произнела за констататирана фактичката состојба по количина и вредност односно не извршила усогласување со сметководствената состојба, што е спротивно на Законот за трговските друштва и Правилникот за начинот и роковите за вршење попис и усогласување на сметководствената со фактичката состојба. Исто така не се презентирани акти за издадени дозволи за располагање со истите, што е спротовно на Законот за оружје. Ваквиот начин на чување на оружјето предизвикува неможност од потврдување на реалноста и објективноста на искажаните износи на евидентираното оружје и го зголемува ризикот од неовластено располагање со истите од страна на одредени лица.

11.2.10. Јавното претпријатие воспоставило пракса потребата од обртни средства да го обезбедува преку користење на кредити од деловните банки. На почетокот на известувачкиот период (01.01.2006 година) претпријатието искажува обврски према деловните банки за средства во износ од 40.000 илјади денари при што на ревизијата не е презентиран акт, согласност од Владата на Република Македонија за соодветното задолжување што е спротивно на Законот за јавен долг. Ваквата пракса претпријатието продолжило да ја применува и во текот на 2006 година при што во месец октомври 2006 година склучува

договор со Комерцијална Банка А.Д. Скопје за краткорочен кредит во износ од 40.000 илјади денари. Менаџментот на претпријатието пристапило кон склучување на договорот за краткорочен кредит пред да го добие позитивното мислење од Министерството за финансии (25.11.2006 година) и воопшто да не обезбеди согласност од Владата на Република Македонија. Ваквата состојба предизвикува континуирано задолжување на претпријатието без согласност од Владата на Република Македонија и создавање на дополнителни трошоци на претпријатието на име камати.

11.2.11. Јавното претпријатие воспоставило пракса на задолжување на пооделни лица (организатори за снимање на емисии на терен) со парични средства во готово, без притоа да се врши приложување на детални пресметки за трошковните елементи на снимање на емисии и благовремено раздолжување на подигнатите парични средства, што е спротивно на точка 3 од постапката за ликвидирање на аванси по реферати од благајна, односно член 12 од интрениот акт на претпријатието/правила за движење и постапување со финансиска документација. Ваквата состојба предизвикува претпријатието на почетокот на пресметковниот период (01.01.2006), да има побарување од вработените во износ од 465 илјади денари, односно на крајот на пресметковниот период (31.12.2006) средства во износ од 213 илјади денари, раздолжувањето да се провлекува кај пооделни лица и до 8 месеци. Не преземањето на соодветни контролни активности на надлежните органи (Секторски раководител или Директор на оргазнизациски дел) предизвикува ненавремено раздолжување со парични средства, безкаматно кредитирање на вработените и можност од злоупотреба на средства од незаконско и ненаменско користење на истите и намалување на квалитетот на финансиските извештаи (ваквата состојба продолжува и во 2007 година).

11.2.12. Врз основа на одлука од ден 08.03.2004 година, Владата на Република Македонија, извршила преотстапување и доделување на право на користење на административен простор во објектот/кула РТ2 на Макеоднската радио телевизија на одделни државни органи, при што до денот на вршењето на ревизијата, корисници на наведениот објект се: Македонска радио телевизија сместена на 1-ви, 2-ри и 7-ми кат; Министерство за внатрешни работи на Република Македонија, Државно правобранителство на Република Македонија, Министерство за транспорт и врски – Градежна инспекција, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Комисија за заштита на правата, Комисија за верски заедници, Македонска радиодифузија, и ТАРБС (корисници на катовите од 4-ти до 22-ори). И покрај повеќе годишното користење на објектот од страна на наведените државни органи, не е основана и не функционира, единствена служба задолжена, надлежна и одговорна за одржување и обезбедување на објектот како целина. Ваквата состојба предизвикува појава на парцијално и одвоено решавање на конкретни тековни проблеми, превземени како итни и неопходни активности заради овозможување и обезбедување на основните услуви за фукционирање/работење на корисниците, (особено одржување на заедничката електрична, топлинска, водоводната и друга инсталација; како и заедничките лифтови и останатите заеднички простори) и генерирање на дополнителни трошоци на јавното претпријатие за што од страна на добавувачите се покренати тужбени барања.

11.2.13. За потребите на јавното претпријатие, Владата на Република Македонија на ден 26.01.2004 година, донела одлука за позајмување на мазут од стоковните резерви во износ од 3.104.251 килограми, со вредност од 36.000 илјади денари, за што е склучен договор помеѓу Министерството за финансии - Биро за стоковни резерви и Македонска радио телевизија, со рок на враќање до 31.10.2004 година, со испорака на мазут со пропишани технички барања, или позајмицата да се плати во рок од 30 дена од крајниот рок за враќање по цена која важи на денот на плаќањето. Врз основа на погоре наведеното потпишана е компензација со која јавното претпријатие ги намирува своите обврски кон АД Топлификација (по фактури за топлинска енергија за период од месец 11.2001 година до месец 01.2005 година), во износ од 30.108 илјади денари. Јавното претпријатие не ја вратило позајмицата до определената дата, и пристапува кон склучување на четири Анекси кон основниот догор за продолжување на роковите за враќање, односно краен рок за враќање на мазутот е 31.03.2006 година, но до денот на вршењето на ревизијата, позајмицата не е вратена, заради што е поднесена тужба на ден 02.05.2007 година, од страна на Министерството за финансии - Биро за стоковни резерви. Непревземањето на активности за враќање на позајмените количини на мазут предизвикува зголемување на обврската за оваа намена која со состојба на 31.12.2007 година изнесува 78.676 илјади денари, со што вклучувајки ги и евентуалните судски трошоци, врши продлабочување на повеќе годишниот негативен финансиски резултат/загуба.

**Препораки:**

1. Надлежните органи на претпријатието во соработка со основачот, да ги превземат потребните активности за утврдување на основачкиот влог на претпријатието и да се изврши негово упишување кај надлежните органи.

2. Надлежните органи на јавното претпријатие да пристапат кон почитување на одредбите од Статутот, односно да ги донесат сите предвидени општи акти во соодветен временски период.

3. Менаџментот на јавното претпријатие да пристапи кон обезбедување на потребните кадровски (потполнување на слободните/потребните работни места), технички (хардвер и софтвер) и просторни услови.

4. Надлежните органи на претпријатието да обезбедат уредни и веродостојни документи кои ќе претставуваат основ на евиденција и искажување на износите на сметките по делбен биланс.

5. Надлежните органи да пристапат кон донесување на интерни акти кои ќе ја регулираат областа на наградување на вработените, при што точно ќе се прецизираат условите и критериумите.

6. Надлежните органи да пропишат политики кои ќе обезбедат уредување на меѓусебните односи (менаџерски договори) со избраните и именуваните лица.

7. Менаџментот на претпријатието да донесе Правилник за пресметка на платите на вработените.

8. Надлежните органи да пристапат кон реализација на одлуките на Управниот одбор и во иднина при издвојување на оддредени делови од претпријатието однапред да се проценат економските ефекти кои ќе произлезат врз јавното претпријатие.

9. Менаџментот на претпријатието да превземе мерки и активности за обезбедување на дозволи за располагање со оружјето и да пропише соодветни политики за начинот на постапување на пописната комисија при вршењето на редовниот годишен попис на истите.

10. Менаџментот на претпријатието да ја напушти практиката кон склучување на договори за краткорочен кредит пред добивање позитивното мислење од Министерството за финансии и обезбедена согласност од Владата на Република Македонија.

11. Надлежните органи да ја утврдат одговорноста за непочитувањето на одредбите од интрениот акт на претпријатието / правила за движење и постапување со финансиска документација при постапката на подигањето на парични средства во готово за организатори за снимање на емисии на терен, заради документирање, навремено и ажурно раздолжување по сметки.

12. Владата на Република Македонија и надлежните органи да го уредат начинот на функционирање и одржување на објектот и обезбедат простор за дислокација на јавното претпријатие.

13. Надлежните органи на претпријатието во соработка со Министерството за финансии - Биро за стоковни резерви и Владата на Република Македонија да го разрешат начинот на подмирување на обврските односно враќање на позајмените количини на мазут.

### 11.3. Неправилна примена на сметководствени политики и начела

11.3.1. Не се превземени активности за пропишување, донесување и имплементирање на политики за начинот на постапување и искажување на сите застарени, тужени, односно сомнителните и спорни побарувања од купувачите во земјата во трговските книги, што е спротивно на Законот за облигационите односи и МСС 18 Приходи и на Рамката за подготвување и презентирање на финансиските извештаи. Непревземањето активности за целосно пропишување и почитување на наведените политики предизвикува нереално и необјективно прикажување на финансиските извештаи односно потценување на дел на сметките: вредносно усогласување на краткорочните побарувања, вредносно усогласување на побарувањата од купувачите и добивка/загуба за финансиската година за износите искажани на сметката побарување од купувачите во земјата од закуп во вкупен износ од 16.900 илјади денари.

11.3.2. Јавното претпријатие донело Одлука за примена на сметководствени политики со кои признавањето на приходите го врши врз основа на два основа односно на наплатена и фактурирана реализација (готовинска и пресметковна основа). Имајки ги предвид утврдените состојби за несоодветната база на податоци и нефункционирањето на системот на наплата на радиодифузна такса оневозможено е доследно применување на утврдената политика на пресметковна основа и утврдување на приходите на претпријатието по овој основ. Ваквата состојба предизвикува пасивна положба на другите две јавни

претпријатија, корисници на средствата од радиодифузната такса и им оневозможува да имаат активен однос кон превземање на директни активности и политики за подобрување на наплатата која е основ за реализација на приход на јавните ретпријатие (Македонска радио телевизија, Македеонска радиодифузија, и Совет за радиодифузија) предизвикува неизвесност за можноста да ја остваруваат дејноста и подредување на активностите во рамките на расположливите средства а пред се средствата добиени од Буџетот на РМ.

**Препораки:**

1. Да пристапи кон пропишување на политики за целосна и правилна евиденција на застарените/утужените побарувања и обезбеди нивна примена.

2. Надлежните органи за управување и раководење на претпријатието во соработка со Македонска Радиотелевизија, Владата на РМ и основачот да извршат проценка на сегашните законски и подзаконски прописи со кои е уредено покривањето на трошоците за создавање и емитување на програмите и за техничко и технолошки развој на јавниот радиодифузен сервис, за одржување, употреба и развој на јавната радиодифузна мрежа, за регулирање и развој на радиодифузната дејност во РМ (радиодифузна такса) и предложат соодветно законско решение кое ќе обезбеди соодветни финансиски средства за ефикасно функционирање на наведените дејности односно континуитет на претпријатието.

11.4. **Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба**

11.4.1. При увидот на актите од извршениот попис на средствата и изворите на средствата за 2006 година, ревизијата ги констатираше следните неправилности:

- не е извршен попис на искажаниот износ на сметката заштитни знаци и слични производи со набавна вредност и исправка на вредноста од 119 илјади денари,
- не е извршен попис на искажаниот износ на сметката земјишта и шуми во износ од 168.986 илјади денари, и не е извршено негово вредносно усогласување со пазарната вредност според критериумите врз основа на кои надлежниот орган ја одредува висината на цената на земјиштето (Методологија за утврдување на пазарната вредност на недвижностите), и не е извршено целосно завршување на постапката на евидентирање/запишување на сопственоста во надлежниот катастар,
- пописната комисија не извршила попис за бруто износот од 561.760 илјади денари (сегашна вредност во износ од 340.401 илјади денари) евидентиран на сметката градежни објекти, и не воспоставила целосна аналитичка евиденција разграничување на видовите средства евидентирани на истата, што го отежнува усогласувањето на фактичката со сметководствената состојба на истите,
- за бруто износот од 152.453 илјади денари (сегашна вредност од 7.852 илјади денари), искажан на сметката алат, погонски и канцелариски инвентар, мебел и транспортни средства не е воспоставена целосна аналитичка евиденција/разграничување на видовите средства евидентирани на истата, што го отежнува

усогласувањето на фактичката со сметководствената состојба на истите,

- не се презентирани пописни листи за извршеното усогласување на фактичката со сметководствената состојба на материјалните и нематеријалните средства, од каде би произлегол основот за расходи, кусоци и отписи наведени во Извештајот за извршениот попис .... број 02-781/1 од 30.01.2007 година, усвоен од Управниот одбор со одлука број 02-781/2 од 14.02.2007 година,
- не се наведени износите на фактичката состојба по попис и на сметководствената состојба и не се презентирани износите на набавната, исправката и сегашната вредност на сите констатирани кусоци, расходи и вишоци.

Не вршењето целосен попис е спротивно на одредбите од Законот за трговските друштва и Правилникот за начинот и роковите за вршење попис и усогласување на сметководствената со фактичката состојба, како и непревземањето на соодветни активности и мерки за утврдување на веродостојноста на сметководствените документи (отсуство на комплетни имотни и поседовни листови и други веродостојни документи со кои ќе се докаже сопственоста), предизвикува неможност од усогласување и потврдување на книговодствената со фактичката состојба на материјалните и нематеријалните средства, потврдување на целосноста и сеопфатноста на искажаните средства, можност за нереално прикажување на истите и оневозможување за утврдените разлики да се произнесе надлежниот орган.

11.4.2. Јавното претпријатие во трговските книги искажува трошоци во делот на сметката останати нематеријални трошоци (надомест за позајмени филмови) во износ од 12.542 илјади денари по основ на откуп на лиценцни права за емитување на играни и сериски филмови од европско и неевропско производство, за кои се утврдени следните неправилности:

- не беше презентирана уредна и веродостојна документација за начинот на извршена селекција на понудените филмови, и за применетите критериуми при изборот, што е спротивно на член 472 од Законот за трговските друштва,
- не е воспсотавена соодветна евиденција за примени филмови за да се види дата на приемот, цената по која се примени, бројот на примените филмови, и кога истите се вратени за да се потврди реалноста на искажаниот трошок,

Непочитувањето на законските прописи, и отсуството на соодветна придружна документација, предизвикува неможност од потврдување на реалноста и објективноста на искажаниот износ на трошоци во финансиските извештаи.

11.4.3. Јавното претпријатие искажува приход по основ на побарување за надомест на делот на електрична, топлотна енергија и вода потрошена од страна на корисниците на закупен деловен простор на објектите на јавното претпријатие во вкупен износ од 7.662 илјади денари. Признавањето на овој износ како приход/расход во финансиските извештаи е спротивно на принципите на признавање на приходите/расходите според МСС и има за ефект преценување на приходите и расходите во финансиските извештаи на јавното претпријатие односно намалување на квалитетот на информациите кои ги даваат истите.

11.4.4. Јавното претпријатие воспоставило пракса во трговските книги на сметките од вонбилансната евиденција активни/пасивни, да искажува разен ситен инвентар во вкупен износ од 31.807 илјади денари, (реквизита - 660 илјади денари, гардероба - 3.942 илјади денари, видео касети ТВ – 26.101 илјада денари, електричен материјал – 622 илјади денари и ХТЗ ОНО – 481 илјада денари) без нивно искажување на сметките во билансната евиденција, што е спротивно на МСС, Правилникот за содржина на одделните сметки во сметковниот план. Ваквата состојба предизвикува намалување на квалитетот на информациите кои ги даваат финансиските извештаи.

11.4.5. Во текот на ревизијата беа испратени конфирмации заради усогласување на побарувањата и обврските искажани во билансните позиции. Од вкупно испратените 37 конфирмации до исто толку коминтенти добиени се 15 одговори, што претствува 41% од вкупно испратени, од кои 5 се потврдени односно 33% од пристигнатите , а 10% не се потврдени односно 67%, додека 22 воопшто не одговорија што претставува 59% од вкупно испртатените конфирмации. Од претходното може да се утврди дека мал одзив на Вашите коминтенти кое оневозможува целосно да ја завршиме постапката на верификација на побарувањата и обврските по овие основи.

**Препораки:**

1. Надлежните органи да превземат мерки и активности за вршење целосен попис на сите средства и извори на средства со кои располага јавното претпријаите и утврдување на нивната објективна вредност.

2. Надлежните органи да пропишат политики и обезбедат нивно доследно применување во процесот на селекцијата на понудените филмови и нивното документирање.

3. Јавното претпријатие да обезбеди едукација на вработени задолжени за водење на трговските книги согласно МСС а пред се во делот на признавање и мерење на приходите.

4. Надлежните органи да превземат активности за соодветно искажување на ситниот инвентар на сметките од трговските книги односно нивно соодветно искажување во финансиските извештаи.

5. Јавното претпријатие да пропише интерен акт за континуирано усогласување на побарувањата и обврските со правните лица со кои имаат деловна соработка (коминтентите).

11.5. **Ненаменско и незаконско користење на средствата**

11.5.1. Извршени се набавки на алкохолни и безалкохолни пијалоци, репарирани видео глави и резервни делови за видео рекордери, изработка на софтверски модул и такси услуги во вкупен износ од 3.140 илјади денари, односно за износ од 2.571 илјада денари не е спроведена постапка за јавна набавка а за износот од 569 илјади денари извршена е набавка пред да се уредат мегусебните односи/склучи договор, што не е во согласност со Законот за јавните набавки. Непочитувањето на Законот за јавни набавки и неспроведувањето на соодветните постапки за набавка предизвикуна незаконско и ненаменско користење на средствата, необезбедување

на фер конкуренција, еднаква положба на понудувачите, транспарентност и јавност при набавките. (Прилог 1)

11.5.2. Јавното претпријатие ангажирало физички лица за извршување на работни задачи за периодот јануари - декември 2006 година, и тоа:

- по договори за дело бројот на лицата се движи од 128 во месец февруари до 111 лица во месец октомври, за што се искажани трошоци на име надомест трошоците на вработените и персонален данок на доход во вкупен износ од 17.926 илјади денари што е спротивно на член 22 од Законот за работни односи, Законот за облигациони односи и Законот за Агенциите за привремените вработувања,
- по авторски договори бројот на лицата се движи од 11 во месец мај и 51 во декември, за извршување на работни задачи за сценографија, преводи, изработка на скици, сценарија, снимање на прилози, водење на емисии и други авторски дела (музичко обликување на емисии и водители на емисии), и по истите се пресметувани и исплатувани надоместиоци евидентирани на сметката останати нематеријални трошоци во износ од 3.290 илјади денари. Висината на надоместоците се утврдува врз основа на Правилник и Одлука во кои отсуствуваат соодветни критериуми за утврдување на висината на надоместокот а ценовникот за утврдување на надоместокот за преводи не е потпишан и архивски заверен односно не преставува веродостоен акт. Исто така за истите, не е презентирана уредна и ажурна документација за потребата од ангажирање на одрededени лица за определување на износот на надоместокот, отсуство на прилози/пресметки за начинот по кој се утврдени надоместоците, итн. што не е во согласност со одредбите на Законот за авторските права и сродните права и Законот за трговските друштва.

Непочитувањето на законските прописи предизвикува ангажирање на лица спротивно на законските прописи и неможност за остварување на правата од работен однос односно право на ПИО и здравствено осигурување.

11.5.3. Управниот одбор на јавното претпријатие во периодот од 28.02.2003 година до 12.12.2005 година, донел одлуки по кои се објавени огласи за продажба на моторни возила по пат на јавно усно наддавање-лицитација, врз основа на што е намален возниот парк на претпријатието за бруто набавна вредност во износ од 26.202 илјади денари. Тенденцијата на намалување на возниот парк, продолжува и во 2006 година во која врз основа на донесени одлуки од управниот одбор и спроведени лицитации е извршено намалување на бруто набавната вредност во износ од 9.748 илјади денари (се однесуваат на вкупно 23 возила, лесни коли и 3 комбиња). При увидот во актите за продажбата на истите се констатирани неправилности бидејки:

- во презентираните пет записници за одржани лицитации, не се содржани податоци за сите учесници кои го оствариле правото на учество, и податоци за минимални/максимални лицитирани/постигнати цени понудени од секој учесник,
- не се презентирани списоци на правни и физички лица кои го оствариле правото да учествуваат во наддавањето, и не е извршена уплата на целосниот износ на постигната лицитирана цена, на денот на лицитацијата,

- првично утврдените почетни цени се определени без учество на овластен проценител, истите повеќекратно се намалувани без да се наведат причините/критериумите за износот на искористениот процент на намалување,
- извршена е продажба на две возила-лада караван, применувајки ја постапката на непосредно спогодување, при што истите се продадени за износ од 87 илјади денари, без презентирање на акт за доставени понуди од други заинтересирани лица.

Горенаведената состојба не ја увери ревизијата дека спроведените јавни усни наддавања/лицитации, се реализирани на начин кој ќе обезбеди целосно почитување на принципот на транспарентност/јавност на постапката, и обезбедување фер конкуренција на сите учесници, со што е создадена можност за стекнување на имотно правна корист на поединци и конфликт на интереси.

**Препораки:**

1. Надлежните органи на раководење во Друштвото да ги превземат неопходните активности за пропишување на политики за континуирано едуцирање на вработените/лицата за подготвување и спроведување на постапките за доделување на договори за јавни набавки, вклучувајќи ја и реализацијата на договорите за јавни набавки, со посебен осврт на рамковните спогодби.

2. Претпријатието да превземе мерки за пропишување и уредување на начинот на потребата од ангажирање на лица по авторски договори и утврдување на соодветни критериуми за висината на надоместоците.

3. Надлежните органи да пропишат акт за уредување на постапката на јавно усно наддавање-лицитација.

11.6. **Неправилности во ИТ системот, утврдени/идентификувани слабости**

11.6.1. Со актот за организација и систематизација не е систематизирано посебно одделение/сектор за одржување и развој на информациониот систем и вработено лице со соодветна стручна подготовка за извршување на работите и работните задачи од областа на ИТ системите. МРТ не превземало активности за пропишување и донесување на пишани процедури за безбедност, формализиран план за акција за спасување на клучните операции во вонредни услови и методологија за усовршување на постојните и развој на нови системи.
Извршена е оценка на апликативната програма за водење регистар за наплата на РДТ (радио дифузна такса) при што се идентификувани нефункционалности, и тоа: менување на генералии за одреден претплатник (не се дозволува измена на веќе постоечките основни податоци за претплатниците), менување на цената на претплатата, ажурирање на базата со внесување на банков извод како и со поединечен внес со цена поголема од 330 денари, експортирање/креирање на извештаите во Excel формат, не овозможува внесување и ажурирање на податоците за извршена наплата доколку во банковиот извод во податокот за месец на наплата не е специфициран месец и година (нумерички формат) за кој е извршена наплатата за РДТ, не дозволува евидентирање на уплата за повеќе од еден месец како и годишна уплата. Апликацијата дозволува внес само на една шифра како основ за плаќање, и покрај тоа што МТВ имаат дефинирано неколку шифри и констатирана е некомпатибилност

на апликацијата со банковите изводи. Раководителот за наплата нема постојано увид во состојбата со регистерот за наплата на РДТ.

Исто така софтверското решение-апликација за материјално работење на МРТ не е целосно заокружено, односно не е извршено затварање на податоците од соодветниот известувачки период, поради што остава простор претходно внесените податоци да можат да бидат променети.

**Препораки:**

1. Претпријатието да пристапи кон формирање на посебно одделение/сектор за ИТ како и пропишување и донесување на сеопфатни безбедносни политики и управување со мрежните ресурси.

2. Да се обезбеди доработка на постоечката или изработка на друга апликација за наплата на РДТ која ќе биде согласно потребите и барањата на нејзините корисници, ќе се дефинира сопственоста на изворниот код со можност на понатамаошна доработка доколку се јави потреба од тоа.

3. Да се изврши промена во апликацијата за материјалното работење и податоците по предавање на завршната сметка да останат непроменети, како што е случај со податоците од финансиската евиденција.

11.7. **Ефекти од ревизијата**

11.7.1. Имајќи ги во предвид наодите изнесени во точките 11.3. и 11.4. односно утврдените состојби од областа на начинот на вредносното усогласување на побарувањата од купувачи предизвикува потценување на дел на сметките: вредносно усогласување на краткорочните побарувања, вредносно усогласување на побарувањата од купувачите и добивка/загуба за финансиската година за износ од 16.900 илјади денари, преценување на приходите и расходите за износ од 7.662 илјади денари и неизвршено усогласување на сметководствената со фактичката состојба на материјалните и нематеријалните средства кое влијае на квалитетот на финансиските извештаи и информациите кои ги даваат истите.

12. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 11.1. до 11.4. финансиските извештаи не ја преставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Јавно претпријатие Македонска радио телевизија Скопје под 31 Декември 2006 година, резултатите од работењето и паричните текови за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 11.1; и 11.5., кај Јавно претпријатие Македонска радио телевизија Скопје не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции за 2006 година.

14. Обрнуваме внимание на подолу наведената состојба:

14.1.1. Владата на Република Македонија на ден 26.06.2007 година ја усвоила Санационата програма, со што меѓу другото заклучила:

- Министерството за транспорт и врски и Македонска радио телевизија да изготват предлог за разрешување на состојбата со дигиталната ТВ опрема од ТМЦ-ТЦЕ, студио на седми (7) кат во МРТ, која може веднаш да се користи, посебено за емитување на сите телевизиски програми на МРТ во текот на преодниот период


*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311*

при регулирање на технолошкиот вишок, но до денот на вршењето на ревизијата не е разрешен проблемот со наведената опрема.

- Министерството за транспорт и врски, Министерството за финансии и МРТ заеднички да извршат анализа на постоечките обврски на МРТ и во рок од 20 дена да предложат начин и можности за регулирање на обврските кои МРТ ги има кон јавните претпријатија, државните институции и други државни субјекти (можност за отпис, плаќање на рати, репрограмирање и сл.), при што до денот на ревизијата не е обезбедено соодветно заокружување/уредување на наведената состојба поради што:

Со остојба 31.12.2006 година е искажан вкупен износ на обврски од 694.411 илјади денари, кои потекнуваат од претходни години (1999 .... 2006 година), и се по разни основи.

На ревизијата и е презентираното известувањето број 02-7854/1 од 12.12.2007 година, упатено до Министерството за финансии на Република Македонија – Управа за јавни приходи, во кое бара одложување на рокот за плаќање на данокот на додадена вредност во вкупен износ од 42.817 илјади денари (даночен долг од 21.483 илјади денари и камата од 21.334 илјади денари), до моментот кога јавното претпријати ќе добие заклучок од Владата за начинот на регулирање на обврските кон Управата за јавни приходи.

14.1.2. Со усвојувањето на Санационата програма на ден 26.06.2007 година, меѓу другото Владата на Република Македонија ја утврдила сумата на буџетски средства за 2007 година за санација и развој на Јавното претпријатие Македонска радио телевизија Скопје, во висина од 8 милиони евра во денарска противвредност. Врз основа на наведеното по поединечни шест одлуки донесени од Владата на Република Макединија, ЈП МРТ во периодот од месец август до декември 2007 година, добила вкупно 6,7 милиони евра, односно 413 милиони денари. Како предлог во рамките на доставената Информација со Анализа на состојбата во Јавното претпријатие Македонска радио телевизија Скопје, од Владата на Р.Македонија се планира/бара да обезби 1.045 милијарди денари за 2008 година, и 277 милиони денари за 2009 година.

14.1.3. Во трговските книги на јавното претпријатие со состојба 31.12.2006 година, во делот на сметката побарувања од купувачите во земјата евидентиран е вкупен износ од 69.230 илјади денари, кој се однесува на утужени побарувања по основ на радио и телевизиски реклами, касети и плочи, радио и телевизиски услуги, сместување во хотел, закуп на основни средства, трет канал, спонзорство, фолк хит, канал 2000, услуги музичка продукција, даровизија, фестивали и други. Воедно се покренати и се во тек судски постапки против јавното претпријатие од правни и физички лица заради неплатени обврски по фактури односно неисплатени хонорари, за поништување на одлуки за престанок на работен однос и по други основи, кои ќе имаат ефекти врз работењето на јавното претпријатие, односно врз финансискиот резултат.

14.1.4. Покрај тешката економска состојба (намалена солветност и ликвидност на претпријатието) и искажување со континуитет негативен финансиски резултат претпријатието воспоставило пракса на склучување на договори кои бараат ангажирање на зголемен обем на финансиски

средства односно влијаат на продлабочување на негативниот финансиски резултат, и тоа:

- Склучен е договор (на 02.04.2007 година) за откуп на програмски материјал и деловна соработка помеѓу Друштвото за продукција, маркетинг и услуги во медиумите, информирањето и културата К-15 Продукција Скопје и Јавното претпријатие Македонска радио телевизија Скопје со кој јавното претпријатие превзема обврски во износ над 1.204 илјади евра без ДДВ кое ќе има влијание на понатамошното работење на претпријатието.
- Склучен е договор со ТАРБС ЕУРОПЕ СА за закуп на простор од сателитски сегмент за емитување на МКТВСАТ над Европа на износ од 820 илјади евра.

Ревизијата препорачува претпријатието пред пристапување на склучување на договори со кои се превземаат обврски кои имаат големо влијание врз задолжувањето на претпријатието мора да постои соодветна анализа за вкупните ефекти и влијанија на истите врз работењето на претпријатието.

14.1.5. Претпријатието на почетокот на известувачкиот датум (01.01.2006 година) искажува обврски према А.Д. ЕСМ средства во износ од 91.314 илјади денари кои потекнуваат од Конечен период и се однесуваат за одобрени средства по соодветен акт од надлежните органи (Владата на Република Македонија и управниот одбор). Поради неможноста да ги врати наведените средства претпријатието и обврските на име потрошена електрична енергија А.Д. ЕСМ поднесува тужбено барање против МРТ, за што МРТ поднесува против тужба до АД ЕСМ по основ на нефактурирана радиодифузна такса и неуплатени средства од радиодифузната такса. За уредување на мегусебните односи двете страни склучуваат спогодба на ден 31.05.2007 година со кои го решаваат начинот на меѓусебното затварање на побарувањата и обврските. Врз основа на Одлука за распределба на средства од Буџетот на Република Македонија за 2007 година заведена под број 19-5197/1 од 29.08.2007 година донесена од Владата на Република Македонија се доделуваат на Јавното претпријатие МРТВ во износ од 48.206 илјади денари, за што Министерството за финансии пристапува кон изготвување на договор за Асигнација помеѓу Министерство за финансии на РМ, ЈП МРТВ, ЕВН-ЕСМ и МЕПСО, која носи датум од 06.09.2007 година. МРТ не доставило соодветни и точни податоци до Министерството за финансии на Република Македонија за вистинскиот долг на МРТВ кон ЕСМ со што со потпишувањето на наведената Асигнација МРТВ со состојба на 31.08.2007 година доаѓа во претплата во износ од 2.583 илјада денари.

Јавното претпријатие не обезбедило соодветна евиденција односно да постапи по член 4 став 1 алинеја 1 пасос два од наведената спогодба во делот на подмирување на обврските за електричната енергија во износ од 28.253 илјади денари да се компензира по пат на рекламирање и обврска на МРТ за овој износ да изврши рекламирање на АД ЕСМ. Исто така со потпишувањето на наведената асигнација се врши прекршување на одредбите на спогодбата со кој износот на обврската од 42.379 илјади денари наместо да се подмирува на рати по износ од 4.238 илјади денари/месечно заклучно со месец април 2008 година се плаќа одеднаш со што се врши претплата на наведениот субјект.

14.1.6. Јавното претпријатие во трговските книги на сметката на капитал искажува износ од 61.323 илјади денари со негативен предзнак (односно загубата е повисока од вредноста на капиталот) како резултат на искажаните загуби во претходните години, кои почнуваат од 1996 и 1997 и се во континуитет од 2001 година, при што на ден 31.12. 2006 е искажана акумулирана загуба во вкупен износ од 630.149 илјади денари односно загуба за финансиска 2006 година во износ од 50.274 илјади денари. Ваквата состојба укажува на неопходноста, надлежни органи да превземат мерки и активности за начинот на подмирување на обврските на претпријатието, заради обезбедување на континуитет на ова јавно претпријатие.

14.1.7. Ревизијата обрнува внимание дека заклучно со денот на изготвувањето на ревизорскиот извештај постојат несогласувања помеѓу извршниот директор и претседателот на Управниот одбор што влијае негативно во напорите за консолидирање на состојбата во претпријатието. Ревизијата препорачува надлежните органи (Советот на МРТ, Владата на Република Македонија и Собранието на Република Македонија), да превземат мерки и активности за надминување на наведената состојба и обезбедување извршување на надлежностите на наведените органи во рамките на утврдени надлежности со законските и подзаконските прописи.

**Овластен државен ревизор**

**Скопје, 12.08.2008 година**

## БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2006 ГОДИНА

во 000 Ден.

| ОПИС | 2006 | 2005 |
|---|---|---|
| Приходи од продажба | 464,838 | 574,496 |
| Приходи врз основа на употреба на сопствени производи, стоки и услуги | 648 | 864 |
| Останати деловни приходи | 173,742 | 56,733 |
| **Вкупни приходи од оперативно работење** | **639,229** | **632,093** |
| Материјални трошоци | 107,315 | 96,495 |
| Трошоци за бруто плати | 323,599 | 346,647 |
| Амортизација и вредносно усогласување на долгорочни средства | 27,277 | 28,521 |
| Вредносно усогласување на краткорочни средства | 18,039 | 54,521 |
| Останати оперативни трошоци | 216,014 | 213,177 |
| **Вкупно трошоци од оперативно работење** | **692,245** | **739,361** |
| Приходи од камати, курсни разлики и слични приходи | 13,494 | 1,841 |
| Приходи од учества на вложувања | 469 | 325 |
| Расходи по основ на камати, курсни разлики и слични расходи | 11,221 | 20,627 |
| **ДОБИВКА/ЗАГУБА ОД РЕДОВНО РАБОТЕЊЕ** | **(50,274)** | **(125,728)** |
| **ДОБИВКА/ЗАГУБА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | **(50,274)** | **(125,728)** |
| **НЕТО ДОБИВКА/ЗАГУБА** | **(50,274)** | **(125,728)** |

**ЈП МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА СКОПЈЕ**

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | 2006 | 2005 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства и хартии од вредност | 14,518 | 13,270 |
| Побарувања по основ на продажба | 28,921 | 27,020 |
| Побарувања од поврзани субјекти | 44 | 284 |
| Други краткорочни побарувања | 5,397 | 7,188 |
| Платени трошоци за идните периоди | 20,561 | 27,838 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 461 | 537 |
| Залихи | 9,363 | 19,250 |
| Аванси за нематеријални и материјални вложувања | 36 | 36 |
| **Вкупно тековни средства** | **79,301** | **95,421** |
| **Нетековни средства** | | |
| Нематеријални и материјални средства | 551,553 | 573,956 |
| Долгорочни финансиски вложувања | 1,265 | 5,148 |
| **Вкупно нетековни средства** | **552,819** | **579,104** |
| **Вкупна актива** | **632,120** | **674,525** |
| **Вонбиласна евиденција-Актива** | **112,352** | **83,858** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Обврски спрема добавувачите | 273,514 | 200,929 |
| Примени аванси, краткорочни депозити и кауции | 60 | 17 |
| Краткорочни обврски спрема поврзани субјекти | 2,191 | 1,372 |
| Краткорочни обврски од финансирање | 151,284 | 181,017 |
| Останати краткорочни обврски | 177,332 | 201,651 |
| Одложени плаќања на трошоци | 5,871 | 4,576 |
| **Вкупно тековни обврски** | **610,253** | **589,563** |
| **Нетековни обврски** | | |
| Долгорочни обврски | 83,190 | 96,122 |
| **Вкупно нетековни обврски** | **83,190** | **96,122** |
| **Капитал и резерви** | | |
| Капитал | 482,027 | 481,916 |
| Резерви | 137,073 | 137,073 |
| Пренесена загуба | 630,149 | 504,421 |
| Загуба за финансиска година | 50,274 | 125,728 |
| **Вкупно капитал и резерви** | **(61,323)** | **(11,160)** |
| **Вкупна пасива** | **632,120** | **674,525** |
| **Вонбиласна евиденција-пасива** | **112,352** | **83,858** |

**ЈП МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА**

## П Р Е Г Л Е Д
## ПРОМЕНИТЕ НА КАПИТАЛОТ И РЕЗЕРВИТЕ ЗА 2006ГОДИНА

| О П И С | Капитал | Останати резерви | Пренесена загуба | Загуба од финансиска та година | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2006 година** | **481,916** | **137,073** | **(504,421)** | **(125,728)** | **(11,160)** |
| Уплати на акции | | | | | **-** |
| Загуба за финансиска 2006 година | | - | | (50,274) | **(50,274)** |
| Пренесена загубата за 2005 година во корист на капиталот и резервите | | | (125,728) | 125,728 | |
| Останати неспомнати промени кои влијаат на капиталот и резервите | 111 | | | | **111** |
| **Состојба 31.12.2006 година** | **482,027** | **137,073** | **(630,149)** | **(50,274)** | **(61,323)** |

## ЈП МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК ЗА 2006 ГОДИНА

| | во 000 Ден. |
|---|---|
| | **2006/2005** |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ОПЕРАТИВНО РАБОТЕЊЕ** | |
| **НЕТО ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | **(50,274)** |
| Трошоци кои не повлекуваат користење на обртни средства: | |
| Амортизација | 27,277 |
| Трошоци од поранешни години и пресметани камати | 9,714 |
| Приходи од отпис на обврски | 7,259 |
| Расходи од отпис на побарувања и кусоци | 18,039 |
| Неотпишана вредност на отуѓени и отпишани средства | 71 |
| Други приходи | (14,431) |
| **Готовински текови од работење** | **(2,345)** |
| Побарувања по основ на продажба | (19,940) |
| Побарувања од поврзани субјекти | 240 |
| Краткорочни финансиски вложувања | 3,883 |
| Други краткорочни побарувања | 1,791 |
| Платени трошоци за идните периоди | 7,276 |
| Побарувања за дадени аванси депозити и кауции | 76 |
| Залихи | **9,887** |
| Обврски спрема добавувачи | 72,586 |
| Примени аванси, депозити и кауции | 43 |
| Краткорочни обврски спрема поврзани субјекти | 819 |
| Краткорочни обврски од финансирање | (29,733) |
| Останати краткорочни обврски | (24,319) |
| Одложени плаќања на трошоци | 1,295 |
| **Нето готовински текови од оперативно работење** | **21,559** |
| | |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ИНВЕСТИЦИОНО РАБОТЕЊЕ** | |
| Нематеријални и материјални вложувања | (7,489) |
| **Нето готовински текови од инвестиционо работење** | **(7,489)** |
| | |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ** | |
| Обврски по долгорочни кредити | (12,932) |
| Капитал | 111 |
| **Нето готовински текови од финансиско работење** | **(12,821)** |
| | |
| **НЕТО НАМАЛУВАЊЕ/ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА** | **1,249** |
| | |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА ПОЧЕТОКОТ НА ГОДИНАТА** | **13,270** |
| | |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА КРАЈОТ НА ГОДИНАТА** | **14,518** |

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1305-476/28**

**Скопје, 10.10. 2008 година**

Врз основа на член 23 став 6 од Законот за државната ревизија ("Сл. весник на РМ" бр. 65/97, 70/2001, 31/2003, 19/2004, 70/06 и 133/07), постапувајки по добиениот Приговор по Конечен извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи на Јавно претпријатие Македонска радио телевизија Скопје (во понатамошниот текст Јавното претпријатие) за 2006 година заведен под број 1304-476/26 од 15.09.2008 година и 1304-476/27 од 17.09.2008 година, Главниот државен ревизор го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

***По поднесен приговор на Конечен извештај***

1. Приговорот поднесен на **точките:** 11.1.1; 11.1.2; 11.1.3; 11.1.4; 11.1.5; 11.1.6; 11.1.7; 11.2.1; 11.2.2; 11.2.3; 11.2.4; 11.2.5; 11.2.6; 11.2.7; 11.2.8; 11.2.9; 11.2.10; 11.2.11; 11.2.12; 11.2.13; 11.3.1; 11.3.2; 11.4.1; 11.4.2; 11.4.3; 11.4.4; 11.4.5; 11.5.1; 11.5.2; 11.5.3; 11.6.1; 11.7.1; 12; 13; 14.1.1; 14.1.2; 14.1.3; 14.1.4; 14.1.5; 14.1.6. и 14.1.7. од Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи на Јавно претпријатие Македонска радио телевизија Скопје за 2006 година **не се прифаќа,** освен за точката 11.1.6 која делумно се прифаќа.

2. Решението по доставениот приговор на Конечниот извештај на овластениот државен ревизор преставува прилог на Конечниот извештај и интегрално се интегрира во Годишниот извештај.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

***О б р а з л о ж е н и е***

Против Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи на Јавно претпријатие Македонска радио телевизија Скопје за 2006 година поднесен е приговор број 03-6532/2 од 15.09.2008 година и приговор од 17.09.2008 година. Поднесениот приговор од управниот одбор на претпријатието и одговорното лице на субјектот за периодот за кој е вршена ревизијата и содржината на доставените дополнителните документи, не претставуваат дополнителни докази кои може да влијаат во промена на утврдените состојби, со што Главниот државен ревизор ги дава следните образложенија за неприфаќање на приговорот.

1. Упатениот приговор на Конечниот извештај на овластениот државен ревизор на **точка 11.1.1.** кој се однесува на констатацијата невоспоставени/нефункционирање на системот на интерни контроли за процесот

на следење на наменското користење на објектите, опремата и залихите, односно документирање на понатамошното постапување со основните средства и залихи на материјали кои се расходувани и пренесувани од една локација на друга, при постапките на пренесување на опремата и инвентарот во деловниот објект МРТ/кула која со Одлука на Владата на Република Македонија 08.03.2004 година**,** е дадена на користење на други правни субјекти/државни органи, како и по затварање на дописништвата и наплатните центри надвор од седиштето на јавното претпријатие, затварањето на хотелот во Охрид и одморалиштето во Маврово **не се прифаќа,** бидејќи во дел од приговорот се опишуваат причините за утврдената состојба (немање доволно простор да се смести целиот мебел, дека процесот на преселба бил под директна надлежност и контрола на Секторот за управување со објекти, како и презентирање на специфични состојби за хотелот во Охрид и објектот во Маврово, нивно затварање, нереализирана продажба и нерегулирани имотно правни односи). Доставените извештаи за извршен попис во 2005 година кој не се архивски заверени се однесува за утврдени состојби на денот на попишувањето и во кои се утврдени состојби дека недостасуваат одредени основни средства, а приложениот Записник за извршен попис на основните средства и ситен инвентар за 2006 година по градови не е архивски заверен, нема датум кога истиот е извршен или изготвен поради што непреставува веродостоен сметководствен документ. Приложениот извештај од комисијата за собирање на расходованите средства за 2006 година кој беше презентиран за време на извршувањето на ревизијата само ја потврдува утврдена состојба од страна на ревизијата, кое може да се види од содржината на следниот цитат од наведениот извештај **„***Секторот за логистика доби наредба од извршниот директор на МРТ Јанез Сајовиц со бр. 03-5255/1 од 09.08.2007 да исчисти се што е расходован неупотреблив мебел и друг инвентар од ходниците и од подрумските простории во МРТ“.*

2. Упатениот приговор на Конечниот извештај на овластениот државен ревизор на **точка 11.1.2.** кој се однесува на невоспоставени/нефункционирање на системот на интерни контроли за процесот на следење на наменското користење на објектите, опремата и залихите, односно издавање на залихите на суровини и материјали**,** и резервни делови од магацин, при што излезот на истите не е основ за изготвување на соодветни пропратни сметководствени документи, односно работни налози **не се прифаќа,** поради тоа што од една страна од одговорното лице се наведуваат причините за утврдената состојба (отсуство на укажување за соодветно постапување), додека од друга страна управниот одбор укажува дека во наведениот процес целосно се почитувани воспоставените процедури без да приложи дополнителни докази со кои ќе ја оспори утврдената состојба.

3. Упатениот приговор на Конечниот извештај на овластениот државен ревизор на **точка 11.1.3.** кој се однесува на невоспоставени/нефункционирање на системот на интерни контроли за процес на пресметка на плати, односно несоодветно користење на постоечкиот систем на електронско следење на работното време на вработените на неопределено време на работни места во зградата на јавното претпријатие **не се прифаќа,** бидејќи се наведуваат причините за утврдената состојба односно специфичноста на техничко-технолошкиот процес на претпријатието, потребата од едукација на вработените и отпорот од страна на вработените за примена на наведениот систем за електронско следење на работното време, кое се потврдува со следниот цитат *„се соочивме во еден подолг период на намерно расипување на механизмот што бараше постојан сервис и доведуваше до прекин во процесот“.*

4. Упатениот приговор на Конечниот извештај на овластениот државен ревизор на **точка 11.1.4.** кој се однесува на непостоење на интерни контроли за следење на

сите фази на процесот на следење на работењето на маркетингот, односно од испраќањето на понуда за маркентиншка презентација, склучување договори, изработка на работен налог/термински план и изготвување фактури**, не се прифаќа**, поради тоа што се презентираат одредени фази/специфичности поврзани со издвојувањето на ДООЕЛ–те од ЈП МРТВ, особено за АРГУС ДООЕЛ, одбивањето да се потпише документот за регулирање на односите со наведениот ДООЕЛ и МРТВ без притоа да се приложат дополнителни веродостојни докази кои ќе ја оспорат утврдената состојба.

5. Упатениот приговор на Конечниот извештај на овластениот државен ревизор на **точка 11.1.5.** кој се однесува на отсуство на воспоставени контроли кои ќе обезбедат следење на реализацијата на договорите за давање на маркетиншки услуги и на договорите за превземените обврски **не се прифаќа,** поради тоа што се наведуваат причините за утврдените состојби како што е „... премин од еден ситем на друг/паралена примена на интерните акти на МРТ и одредбите од Законот за радиодифузија“ без притоа да се приложат дополнителни веродостојни докази кои ќе ја оспорат утврдената состојба.

6. Упатениот приговор на Конечниот извештај на овластениот државен ревизор на **точка 11.1.6.** кој се однесува на невоспоставени/нефункционирање на системот на интерни контроли за Процес на наплата на радиодифузна такса во готово и по решенија/уплатници**, делумно се прифаќа** во делот на став 1 алинеја 2 каде на крајот од реченицата се додаваат зборовите „за сите поднесени жалби“.

7. Упатениот приговор на Конечниот извештај на овластениот државен ревизор на **точка 11.1.7.** кој се однесува на невоспоставени/нефункционирање на системот на интерни контроли за процес на евиденција во главна книга и аналитичките сметки, односно непостоење на контроли, заради што истите (сметководствени евиденции/трговски книги/податоци) се неусогласени **не преставуваат приговор,** поради тоа што од страна на одговорното лице се наведува кој организационен облик имал обврска за наведената состојба, додека од страна на Управниот одбор делумно се потврдува утврдената состојба, но воедно упатува на причините за утврдените состојби, односно „мора да се има во предвид и недоволната обученост на постојниот кадар за употреба на моментните софтверски решенија“. Управниот одбор не приложи дополнителни докази со кои ќе ја оспори утврдената состојба.

8. Упатениот приговор на Конечниот извештај на овластениот државен ревизор на **точката 11.2.1.** кој се однесува на ненаведување на износот на средствата на име основачки влог во судската регистрација, **не претставува приговор,** туку укажување од одговорното лице дека неможе да ја коментира утврдената состојба.

9. Упатениот приговор на Конечниот извештај на овластениот државен ревизор на **точка 11.2.2.** кој се однесува на статутарните обврски на Управниот одбор за донесување на општите акти на претпријатието заклучно со 10.10.2006 година **не се прифаќа,** поради тоа што доставените дополнителни докази потекнуваат од 2003 односно 2004 година, истите се во сообразност со претходните статутарни одредби, ревизијата ги имаше во предвид во текот на ревизијата и нивното повторно доставување не влијае на промена на утврдената состојба.

10. Упатениот приговор на Конечниот извештај на овластениот државен ревизор на **точка 11.2.3.** кој се однесува на неспроведување на обврските од страна на јавното претпријатие согласно Законот за радиодифузна дејност, кои се однесуваат на применетиот начин на пресметување, наплата и насочување на

средствата од радиодифузната такса на корисниците, како и водење на регистар на обврзници за плаќање на радиодифузна такса **не се прифаќа** поради тоа што делумно се наведуваат причините за утврдената состојба односно се наведуваат конкретни проблеми при ажурирање на регистарот на обврзници, како треба да се постапи без документирање на активностите кои требало да се превземат/се превземале, односно потврдување/потенцирање дека целиот систем за напалата на РДТ однапред бил предодреден на неуспех заради отсуството на мерки за присилна наплата и пред донесување на нов закон кој ќе ја регулира оваа област; се врши субјективно толкување на одредбите од Законот за радиодифузна такса и негирање на утврдените состојби од ревизијата без да се приложат докази кои ќе предизвикаат оспорување на утврдените состојби.

11. Упатениот приговор на Конечниот извештај на овластениот државен ревизор на **точка 11.2.4.** кој се однесува на донесената одлука од Владата на Република Македонија на ден 29.12.2003 година за прифаќање на делбениот биланс со состојба на 31.12.1998 година, а со примена со 31.12.2003 година, без притоа истата да биде пропратена со соодветни и веродостојни показатели/податоци кои ќе бидат верифицирани од членовите на комисијата **не се прифаќа.** Одговорното лице и самото укажува дека *„неможам да се произнесам по вашите наоди“* и дека за реализација на делбениот биланс е формирана работна група составена од најповикани членови од двете јавни претпријатија (ЈП МРТ и ЈП МРД) предмет на делба и дека по распраавањето/усвојувањето на мислењето на работната група од страна на Управниот одбор истото е доставено до Комисијата на Владата на Република Македонија надлежна за спроведување на делбениот биланс, без да бидат доставени дополнителни акти за утврдените неправилности односно без да се обезбедат соодветни веродостојни документи како основ за потврдување на утврдените состојби во делбениот биланс и соодветен заклучок или акт од страна на Владата на Република Македонија по однос на делбениот биланс.

12. Упатениот приговор на Конечниот извештај на овластениот државен ревизор на **точка 11.2.5.** кој се однесува на исплата парични средства на име на нето плата за 100%, над и под 100% извршена работа во месецот јануари до месец април 2006 година, и единаесет месеци во 2007 година, без постоење интерен акт кој јасно ќе ги дефинира и пропише нормите и критериумите применувани за определување на нето платите, и кој ќе биде основ за исплата, **не се прифаќа.** Се врши коментирање/субјективно толкување на законските прописи и интерните акти на јавното претпријатие без презентирање на ревизијата акт кој јасно ќе ги дефинира и пропише нормите и критериумите применувани за определување на нето платите. Воедно е наведено дека *„... дејноста создавање радио и телевизиска програма не е дејност за која може едноставно да се направи методологија, посебно кога е во прашање квалитетот, бидејќи квалитетот на тој вид производство и неговото оценување е предмет на субјективитет“* со што се потврдува констатацијата/неправилноста во Конечниот извештај за субјективен пристап при определувањето и исплатата на нето платите за одредени вработени од страна на надлежните органи, а особено во услови на отсуство на дополнителен интерен акт кој ја регулира оваа материја.

13. Упатениот приговор на Конечниот извештај на овластениот државен ревизор на **точка 11.2.6.** кој се однесува на исплатени месечни нето плати на генералниот директорот за периодот јануари/септември и на заменик генерален директор за периодот јануари/јули именувани од Собранието на Република Македонија, без соодветен писмен акт донесен од Собранието на Република Македонија **не се прифаќа.** Одговорното лице врши коментирање на одредбите од Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република

Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката без притоа да ги земе во предвид одредбите на ставот 2 од наведениот закон, изнесувајќи свое видување за констатираната неправилност/отсуство на укажување за потребата на постоење на соодветен акт од Собранието односно телото кое е овластено од Собранието, без притоа да приложи веродостојни докази кои ќе ја оспорат утврдената состојба.

14. Упатениот приговор на Конечниот извештај на овластениот државен ревизор на **точката 11.2.7.** кој се однесува на донесената Програма за трансформација на Јавното претпријатие Македонска радио телевизија подржана од Владата на Република Македонија, според која донесувањето на нов Правилник за организација и систематизација на работните места, претставува основа за реорганизација и рационализација на работењето и решавање на превработеноста. За таа цел Управниот одбор на 29.12.2003 година донел Правилник за организација и систематизација на работните места, без определување на бројот на извршители на работните места, и истиот во периодот од 15.03.2004 година до 15.12.2006 година, претрпел десет измени и дополнувања без пречистен текст за сите измени во периодот од 2 години **<u>не се прифаќа.</u>** Одговорното лице не приложи соодветни докази со кои ќе се оспорат утврдените состојби од ревизијата, напротив информира за начинот/постапувањето и состојбите кај надлежните институции во периодот од 2003 до 2005 година.

15. Упатениот приговор на Конечниот извештај на овластениот државен ревизор на **точка 11.2.8.** кој се однесуваат на повеќето неправилности утврдени со увидот на актите за основањето и склучените договори со АРГУС ДООЕЛ, БАЗА ДООЕЛ и ТВ СЦЕНА ДООЕЛ **<u>не се прифаќа.</u>** Одговорното лице презентира лично мислење/толкување на состојбите/настаните во Аргус ДООЕЛ и коментирање на судските постапки на вработените во наведениот ДООЕЛ без да бидат презентирани дополнителни акти за утврдените состојби. Ревизијата не го оспорува фактот дека постои или не судска одлука од повисокиот надлежен суд, но истата на ревизијата не е презентирана и не е приложена, па аналогно на тоа ревизијата ниту имала сознание за истата, а уште помалку имала можност истата да ја обелодени.

16. Упатениот приговор на Конечниот извештај на овластениот државен ревизор на **точка 11.2.9.** кој се однесува на неизвршен попис и утврдување на фактичката состојба при годишен попис за 2006 година, по количина и вредност на разновидно оружје односно не извршила усогласување со сметководствената состојба и не се презентирани акти за издадени дозволи за располагање со истото **<u>не се прифаќа.</u>** Одговорното лице наведува дека неможе да верува дека има ваква состојба итн., дека ова прашање е во надлежност на раководителот на Секторот за безбедност, притоа не презентирајќи и доставувајќи ниту еден соодветен доказ за оспорување на утврдената состојба.

17. Упатениот приговор на Конечниот извештај на овластениот државен ревизор на **точка 11.2.10.** кој се однесува на воспоставената пракса потребата од обртни средства да ги обезбедува преку користење на кредити од деловните банки, за кој на почетокот на известувачкиот период (01.01.2006 година) претпријатието искажува обврски према деловните банки во износ од 40.000 илјади денари без презентирање на акт, согласност од Владата на Република Македонија за соодветното задолжување, **<u>не се прифаќа.</u>** Одговорното лице изнесува свој личен став кој не е во согласност со законите во Република Македонија давајќи свое видување за отпочнување на примената на Законот за јавен долг без притоа да ги има во предвид конкретните состојби вклучувајки ги и одредбите на

Законот за јавните претпријатија. Потврдување на утврдената состојба од страна на ревизијата и превземената постапка од страна на јавното претпријатие за обезбедување на позитивно мислење од Министерството за финансии кое ќе послужи како основ за добивање на согласност од Владата на Република Македонија. Јавното претпријатие го добило наведеното мислење по денот на склучување на договорот за користење на краткорочен кредит, но до денот на ревизијата не е обезбедена потребната согласност од Владата на Република Македонија.

18. Упатениот приговор на Конечниот извештај на овластениот државен ревизор на **точка 11.2.11.** кој се однесува на воспоставена пракса на задолжување на пооделни лица (организатори за снимање на емисии на терен) со парични средства во готово, без притоа да се врши приложување на детални пресметки за трошковните елементи на снимање на емисии и благовремено раздолжување на подигнатите парични средства, **не преставува приговор.** Од страна на управниот одбор е искажана безрезервна подршка и потврда на утврдената состојба од страна на ревизијата додека одговорното лице ги наведува постапките кои се превземали при пописот и евентуалните превземени мерки за утврдените состојби, појаснувајќи дека „ако не се постапило од директните извршители, непосредните раководители требало да реагираат“.

19. Упатениот приговор на Конечниот извештај на овластениот државен ревизор на **точка 11.2.12.** кој се однесува на донесена одлука од ден 08.03.2004 година, од Владата на Република Македонија, со која е преотстапено и е доделено право на користење на административен простор во објектот/кула РТ2 на Македонската радио телевизија на одделни државни органи**, не претставува приговор** поради тоа што се опишува само процесот на постапување/договарање на јавното претпријатие, Владата на Република Македонија и пооделните корисници по донесената одлука со крајна констатација дека заклучокот од Владата на Република Македонија не се реализирал што само ја потврдува утврдената состојба од страна на ревизијата.

20. Упатениот приговор на Конечниот извештај на овластениот државен ревизор на **точка 11.2.13.** кој се однесува на одлука за позајмување на мазут од стоковните резерви во износ од 3.104.251 килограми, со вредност од 36.000 илјади денари, за што е склучен договор помеѓу Министерството за финансии - Биро за стоковни резерви и Македонска радио телевизија, со рок на враќање до 31.10.2004 година, со испорака на мазут со пропишани технички барања или позајмицата да се плати во рок од 30 дена од крајниот рок за враќање по цена која важи на денот на плаќањето. Врз основа на погоре наведеното потпишана е компензација со која јавното претпријатие ги подмирува своите обврски кон АД Топлификација (по фактури за топлинска енергија за период од месец 11.2001 година до месец 01.2005 година) во износ од 30.108 илјади денари. Јавното претпријатие не ја вратило позајмицата до определената дата и пристапува кон склучување на четири Анекси кон основниот договор за продолжување на роковите за враќање, односно краен рок за враќање на мазутот е 31.03.2006 година, но до денот на вршењето на ревизијата позајмицата не е вратена, заради што е поднесена тужба на ден 02.05.2007 година од страна на Министерството за финансии - Биро за стоковни резерви **не претставува приговор** поради тоа што се врши само презентирање на причините за земање позајмица (да се премости/надмине блокадата на сметката на МРТВ и причините за неможност од враќање на истата односно нефункционирање на системот за наплата на РДТ по Законот за радиодифузија).

21. Упатениот приговор на Конечниот извештај на овластениот државен ревизор на **точките 11.3.1; 11.3.2. и 11.4.1.** кој се однесуваат на: не превземени активности

за пропишување, донесување и имплементирање на политики за начинот на постапување и искажување на сите застарени, тужени, односно сомнителните и спорни побарувања од купувачите во земјата во трговските книги; признавањето на приходите по две основи односно на наплатена и фактурирана реализација (готовинска и пресметковна основа) и утврдени неправилности при спроведување на пописот **не претставуваат приговор,** поради тоа што се изнесуваат само причините за утврдената состојба односно се укажува на неможноста од коментирање на утврдените состојби поради немање увид во документите кои биле предмет на ревизија.

22. Упатениот приговор на Конечниот извештај на овластениот државен ревизор на **точка 11.4.2.** кој се однесува на утврдени неправилности по основ на откуп на лиценцни права за емитување на играни и сериски филмови од европско и неевропско производство и искажани трошоци во трговските книги во делот на сметката останати нематеријални трошоци (надомест за позајмени филмови) во износ од 12.542 илјади денари, **не претставува приговор** поради тоа што е потенцирано дека значајно влијание во селекцијата на понудените филмови има цената како критериум при набавка на овој вид програма, без презентирање на уредна и ажурна документација за начинот на кој се врши селекција на понудените филмови.

23. Упатениот приговор на Конечниот извештај на овластениот државен ревизор на **точка 11.4.3.** кој се однесува на искажување приход по основ на побарување за надомест на делот на електрична, топлотна енергија и вода потрошена од страна на корисниците на закупен деловен простор на објектите на јавното претпријатие во вкупен износ од 7.662 илјади денари, чие што признавање како приход/расход во финансиските извештаи е спротивно на принципите на признавање на приходите/расходите според МСС **не претставува приговор** бидејќи ревизијата се упатува кон договори од претходни години склучени со корисниците на деловниот простор во зградата на МРТ без давање коментар за утврдената неправилност.

24. Упатениот приговор на Конечниот извештај на овластениот државен ревизор на **точка 11.4.4.** кој се однесува на воспоставената пракса во трговските книги на сметките од вонбилансната евиденција активни/пасивни, да искажува разен ситен инвентар во вкупен износ од 31.807 илјади денари, без нивно искажување на сметките во билансната евиденција**, не претставува приговор** бидејќи се наведува дека такви забелешки во однос на сметководствените политики до сега немало и дека сметководствените политики ги утврдува Управниот одбор на предлог на надлежната стручна служба.

25. Упатениот приговор на Конечниот извештај на овластениот државен ревизор на **точка 11.4.5.** кој се однесува на утврдените состојби од областа на конфирмирањето на побарувањата и обврските на јавното претпријатие **не преставува приговор,** туку само обелоденување дека одговорното лице не е во можност да даде коментар поради немање на информации.

26. Упатениот приговор на Конечниот извештај на овластениот државен ревизор на **точка 11.5.1.** кој се однесува на набавки на алкохолни и безалкохолни пијалоци, репарирани видео глави и резервни делови за видео рекордери, изработка на софтверски модул и такси услуги во вкупен износ од 3.140 илјади денари, односно за износ од 2.571 илјада денари не е спроведена постапка за јавна набавка, а за износот од 569 илјади денари извршена е набавка пред да се уредат меѓусебните односи/склучи договор, што не е во согласност со Законот за јавните набавки **не се прифаќа** бидејќи се презентираат укажувања како требало да се одвиваат постапките за јавни набавки, начинот на кој треба да

информираат надлежните органи во јавното претпријатие, укажување на ургентноста на технолошкиот процес кој влијае да не се почитуваат одредбите на Законот за јавни набавки, без притоа да се доставаат соодветни веродостојни докази кои ќе ги оспорат утврдените состојби.

27. Упатениот приговор на Конечниот извештај на овластениот државен ревизор на **точка 11.5.2.** кој се однесува на неправилности за начинот на ангажирање на физички лица за извршување на работни задачи за периодот јануари - декември 2006 година и начинот на утврдување на износот на надоместокот**, не се прифаќа** поради тоа што се врши субјективно толкување на законските и подзаконските акти кои ја регулираат оваа област, укажување на тоа дека програмските сервиси имале самостојност во утврдувањето на програмската шема, а со самото тоа и на бројот и квалитетот на кадарот без притоа да се приложат дополнителни докази кои ќе ја оспорат утврдената состојба.

28. Упатениот приговор на Конечниот извештај на овластениот државен ревизор на **точка 11.5.3.** кој се однесува на неправилности при спроведувањето на одлуки донесени во периодот од 28.02.2003 година до 12.12.2005 година, за објавени огласи за продажба на моторни возила по пат на јавно усно наддавање-лицитација, врз основа на што е намален возниот парк на претпријатието која пракса продолжила и во 2006 година при што врз основа на донесени одлуки од управниот одбор и спроведени лицитации е извршено намалување на бруто набавната вредност во износ од 9.748 илјади денари (се однесуваат на вкупно 23 возила, лесни коли и 3 комбиња) **не се прифаќа** поради тоа што се негираат искажаните неправилности со потенцирање дека не е укажано за наведените состојби/неправилности од претходно извршени ревизии; укажувајки дека доколку постапката не е индивидуално уредена од страна на секој субјект, во тој случај се применуваат легислативните акти кои ја уредуваат оваа материја без приложување на соодветни веродостојни докази кои ќе ја оспорат утврдената состојба.

29. Упатениот приговор на Конечниот извештај на овластениот државен ревизор на **точка 11.6.1.** кој се однесува на утврдени неправилности во ИТ системот, утврдени/идентификувани слабости **не се прифаќа** бидејќи се даваат коментари за структурата и степенот на едукација на кадарот кој ја користи наведената опрема, известување за статусот на функционирање на софтверското решение за целокупното финансиско работење без да се приложат дополнителни докази со кои ќе се оспори утврдената состојба.

30. Упатениот приговор на Конечниот извештај на овластениот државен ревизор на **точката 11.7.1.** кој се однесува на ефектите на извршената ревизија **не се прифаќа**, поради тоа што искажаните состојби во наведената точка се темелат на состојбите утврдени во ревизорскиот извештај, при што Управниот одбор и одговорното лице не приложија дополнителни докази кои ќе предизвикаат оспорување на утврдените состојби.

31. Упатениот приговор на Конечниот извештај на овластениот државен ревизор на **точките 12 и 13** кои се однесуваат на изразеното мислење на овластениот државен ревизор дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива **не се прифаќа,** поради тоа што истото е дадено согласно Правилникот за ревизорските стандарди за државна ревизија, при што во прилог на приговорот не се доставени дополнителни докази кои ќе влијаат на изразеното мислење на овластениот државен ревизор.

32. Упатениот приговор на Конечниот извештај на овластениот државен ревизор на точките **14.1.1; 14.1.2; 14.1.3; 14.1.4; 14.1.5; 14.1.6 и 14.1.7.** кои се однесуваат на извршеното обелоденување на одредени состојби кои не влијаат на изразеното мислење на овластениот државен ревизор, а се битни за надлежните органи за управување и раководење со јавното претпријатие **не се прифаќа,** бидејќи одговорното лице укажува дека не може да се произнесе по истите поради немање доволно информации додека управниот одбор не приложи дополнителни докази со кои ќе ги оспори извршените обелоденувања.

**Главен државен ревизор**

**Скопје, 07.10.2008 година**

**Тања Таневска**

*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311*